# ЗАКОН ЗА ПРАКТИКАНТСТВО

**(Службен весник бр. 98/2019 и 103/2021)**

**I. Општи одредби Предмет на законот**

Член 1
Со овој закон се уредува постапката и условите за остварување на практикантство, правата и обврските на практикантот и на работодавачот кај кој се реализира практикантската работа, договорот за практикантска работа и евиденцијата на практикантска работа.

**Дефиниции**

Член 2
(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:
1. „Практиканство” е работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини, која се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преминот кон редовно вработување.

Под практикантството не се подразбира вршење на приправнички стаж, волонтерски стаж и пробна работа согласно со Законот за работните односи, како и обука, преквалификација и доквалификација согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.
2. „Практикантска работа” е ограничен период поминат на пракса на практикант кај работодавач.
3. „Практикант” е физичко лице кое врши практикантска работа кај работодавач со цел да се стекне со практични знаења и вештини што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот. Практикант согласно со овој закон може да биде секое физичко лице државјанин на Република Северна Македонија кое ги исполнува условите утврдени со овој закон.
4. „Работодавач” е правно и физичко лице, како и друг субјект (орган на државна власт, орган на единица на локалната самоуправа, подружница на странско друштво, дипломатско и конзуларно претставништво), кој вработува работници врз основа на договор за вработување.
5. „Ментор” е лице вработено кај работодавачот кое е задолжено за организирање на практикантската работа и следење на напредокот на практикантот и кое го осигура остварувањето на целите за учење за време на практикантската работа.
(2) Употребените изрази „практикант“, „ментор” и „работодавач“ во машки род имаат неутрално значење и се однесуваат и за жени и за мажи.

**II. Услови за вршење на практикантска работа Услови за вршење на практикантска работа**

Член 3
Практикантот согласно со овој закон треба да ги исполнува следниве услови:
- да не е во работен однос,
- да не е постар од 34 години и
- да има завршено најмалку основно образование.

Член 4
(1) Потребата од практикант работодавачот ја обезбедува по пат на јавен оглас објавен на својата интернет страница и/или на интернет страницата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или друг јавен медиум, којшто содржи информации за условите за практикантската работа.
(2) Во органите на државната власт и органите на единиците на локалната самоуправа при ангажирање на практиканти, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество.

Член 5
(1) Со примената на овој закон се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.
(2) Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Времетраење на практикантската работа**

Член 6
(1) Периодот на траење на практикантска работа кај еден работодавач може да изнесува до шест месеци.
(2) Кај ист работодавач практикантска работа може да се врши само еднаш од исто лице.

**Број на практиканти**

Член 7
(1) Максималниот број на практиканти кои можат да реализираат практикантска работа кај еден работодавач во исто време, се определува според бројот на вработени на неопределено време на денот на пријавување на практикантот кај работодавачот и тоа:
- од еден до пет вработени - еден практикант,

- од шест до 10 вработени - до два практиканта,
- од 11 до 50 вработени - до четири практиканти,
- од 51 до 150 вработени -до осум практиканти,
- од 151 до 250 вработени - до 15 практиканти,
- од 251 до 500 вработени - до 30 практиканти и
- над 500 вработени - до 50 практиканти.

(2) Бројот на ангажирани практиканти од страна на еден работодавач во кој било момент не смее да го надмине максималниот број кој е определен врз основа на бројот на вработени на неопределено време кај работодавачот согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија еднаш месечно доставува податоци до Државниот инспекторат за труд за работодавачите кои имаат пријавено практиканти.

**Надоместок за практикантска работа**

Член 8

(1) Практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот има право на месечен надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.

(2) Висината на месечниот надоместок од ставот (1) на овој член се утврдува во нето износ за полно работно време во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

- од 42% до 74% од минималната нето плата, утврдена согласно со закон, за практикантска работа до три месеци и
- во висина на минималната нето плата утврдена согласно со закон, за практикантската работа над три месеци, сметано од четвртиот месец.

(3) Доколку практикантската работа, согласно со договорот за практикантската работа, се реализира во период пократок од полното работно време, надоместокот за практикантската работа ќе се пресметува пропорционално на времето поминато на практикантската работа.

(4) Во случај на отсуство од работа по кој било основ, освен одмор за време на работа и празници утврдени со закон, надоместокот се исплаќа пропорционално на времето поминато на практикантската работа.

(5) Надоместокот за практикантската работа на практикантот, работодавачот е должен да го исплати најдоцна до 15 во тековниот месец за претходниот месец.

**III. Права и обврски на практикантот и работодавачот Права на практикантот**

Член 9

Практикантот, пред започнување на практикантската работа треба да се информира за правата за време на вршењето на практикантската работа и тоа:

- во писмена форма да го добие описот на целите, задачите и процесот на практикантството, пред да го склучи договорот за практикантска работа,
- да биде запознаен со условите за работа и опасностите поврзани со работата за време на практикантството, пред започнување на истото,
- да биде запознаен со општите акти на работодавачот,
- на дневен и неделен одмор исто како вработените кај работодавачот согласно со општите прописи за работните односи,
- на платен одмор во траење од два работни дена месечно, доколку работи со полно работно време или еден работен ден месечно доколку работи со неполно работно време,
- на надоместок за практикантска работа од членот 8 од овој закон и
-надоместок на трошоци за службени патувања и други надоместоци кои настанале за потребите на вршење на практикантската работа.

**Обврски на практикантот**

Член 10
(1) Практикантот за време на практикантската работа е должен да:
- потпише договор за практикантска работа со работодавачот, пред започнувањето со практикантската работа,
- работи согласно со закон, договорот за практикантска работа и општите акти на работодавачот со кои претходно е запознаен,
- учествува во обуката и посветено да работи на доверените задачи,
- користи средства за заштита при работа, согласно со прописите за безбедност и здравје при работа,
- го извести работодавачот за болест или други причини за привремена или трајна спреченост за вршење на практикантската работа,
- ги чува доверливите податоци, односно класифицираните информации на работодавачот, со кои е запознаен во текот на практикантската работа и
- го извести работодавачот за штетни последици за кои е запознаен дека можат да настанат за него, за трети лица или за работодавачот.
(2) Практикантот кој за време на вршењето на практикантската работа намерно или поради крајно невнимание, го оштети имотот на работодавачот е должен да му ја надомести штетата на работодавачот согласно со одредбите на Законот за облигационите односи.
(3) Доколку практикантот претходно го известил работодавачот за штетни последици од ставот (1) алинеја 7 на овој член, истиот нема да има одговорност за направената штета.

**Обврски на работодавачот**

Член 11
(1) Работодавачот е должен:

- да го објави јавениот оглас за практикантска работа на својата интернет страница и/или на интернет страницата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или друг јавен медиум,
- да ги утврди очекуваните цели за ангажирање на практикантот, задачите и процесот на практикантската работа, кои треба да бидат јавно достапни на заинтересираните кандидати во огласот за практикантска работа,
- да потпише договор за практикантска работа со избраниот кандидат,
- да изврши пријава на практикантот, најмалку еден ден, пред започнување на вршење на практикантската работа и одјава во рок од осум дена по завршување на практикантската работа, односно по престанокот на договорот за практикантска работа, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
- да обезбеди одговорно лице - ментор за континуиран надзор на практикантот, кој ќе ја организира практикантската работа, ќе го следи напредокот на практикантот и ќе осигура остварување на целите за учење и практикантство,
- да обезбеди надзор над работата на практикантот од страна на менторот и да не дозволи самостојно работење на практикантот,
- да обезбеди оптимални услови за работа и материјали и средства за извршување на практикантската работа,
- да му издаде на практикантот потврда за стекнатите знаења, вештини и компетенции, како и опис на практикантската работа и нејзиното времетраење, во рок од осум работни дена од завршување на практикантската работа,
- редовно да му го исплаќа надоместокот утврден во договорот за практикантска работа,
- да плати данок на личен доход на исплатениот износ на надоместокот,
- да обезбеди средства за заштита при работа, доколку за работното место на кое се врши практикантската работа е пропишано да се користат,
- да обезбеди тајност на личните податоци и заштита на приватноста на практикантот и
- да плати придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.

(2) Работодавачот не може на практикантот да му наплаќа трошоци за обука, трошоци за превоз, работни материјали и други трошоци поврзани со вршењето на практикантската работа.

(3) Работодавачот не може да му наложи на практикантот да работи задачи кои не се опишани во договорот за практикантска работа.

**IV. Договор за практикантска работа**

Член 12

(1) Односите, правата и обврските помеѓу практикантот и работодавачот се регулираат со договор за практикантска работа.

(2) Работодавачот е должен да го склучи договорот за практикантска работа со практикантот во писмена форма, кој треба да биде потпишан од двете страни, пред започнувањето на практикантската работа.

(3) Договорот за практикантска работа за лице помладо од 18 години го потпишуваат практикантот, неговиот родител/старател и работодавачот.

(4) Договорот за практикантска работа може да биде потпишан на полно работно време или неполно работно време, согласно со потребите и волјата на договорните страни.

(5) Договор за практикантска работа не може да се склучи за вршење на работи и задачи за конкретно постојно работно место, за кое може да се склучи договор за вработување, односно практикантот не може да обавува редовни работни обврски.

(6) Договор за практиканска работа не може да се склучи со лице кое претходно било вработено кај ист работодавач или друг работодавач за работно место со исти или слични работни задачи како практиканска работа и работниот однос да траел не помалку од три месеци.

(7) Со склучување на договорот за практикантска работа, практикантот не ги губи правата по основ на невработеност, согласно со прописите од областа на вработувањето и осигурување во случај на невработеност и правата пропишани по основ на социјална заштита, утврдени согласно со прописите од областа на социјалната заштита.

**Содржина на договорот за практикантска работа**

Член 13

(1) Договорот за практикантска работа ги содржи следните елементи:

1. Договорни страни:

- практикант (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум на раѓање, адреса на живеалиште, односно на престојувалиште, телефон, електронска адреса, вид и степен на образование) и

- работодавач (полн и скратен назив, ЕМБС, година на основање, име и презиме на овластено лице, адреса на правното лице, основна дејност, број на вработени);

2. Датум и место на склучување на договорот;

3. Почетен и краен датум на практикантската работа;

4. Опис на целите и процесот на здобивање на практични знаења и вештини на практикантот;

5. Предмет на практикантството - опис на работните задачи на кои ќе работи практикантот;

6. Опис на местото на работа, условите за работа и можните опасности за практикантот;

7. Висина на месечниот надоместок за практикантската работа согласно членот 8 став

(2) од овој закон, кој ќе му биде исплаќан на практикантот во нето износ согласно договорот;

8. Распоред на дневно и неделно работно време и број на работни часови;

9. Обврска за чување на деловна тајна од страна на практикантот и

10. Обврска на работодавачот за издавање на потврда за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, како и опис на практикантската работа и нејзиното времетраење.

(2) Формата и содржината на потврдата од ставот (1) точка 10 на овој член ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**Престанок на договорот за практикантска работа**

Член 14

(1) Договорот за практикантска работа престанува:
- со истекот на рокот за кој е склучен договорот,
- со спогодбено раскинување,
- при намалување на бројот на вработени лица на неопределено време кај работодавачот за време на ангажирани практиканти, доколку не го надополни бројот на вработени во рок од 15 дена од денот на намалување на бројот на вработени, освен во случаите на смрт или пензионирање на вработено лице или
- со вработување на практикантот.

(2) Практикантот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска за наведување на причината за раскинување на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на работодавачот или на трети лица.

(3) Работодавачот може да го раскине договорот за практикантска работа:
- со престанување на потребните услови за практикантска работа,
- кога ќе констатира дека практикантот не ги исполнува договорените обврски или
- со вработување на практикантот.

(4) Договорот за практикантска работа може да се раскине во рок од најмалку пет дена од доставување на писмената изјава за раскинување од едната договорна страна до другата договорна страна.

**V. Евиденција на практикантската работа**

Член 15

Работодавачот е должен да води евиденција на работните часови на практикантот, согласно со евиденцијата за работното време за вработените.

Член 16

Формата и содржината на системот за евиденција, како и следењето и известувањето за практикантската работа ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**VI. Примена на други прописи**

Член 17

За прашањата кои ќе произлезат од практикантската работа, а кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за работните односи и Законот за безбедност и здравје при работа.

**VII. Надзор**

Член 18

(1) Надзор над спроведување на одредбите од овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.

(2) Инспекциски надзор врши Државниот инспекторат за труд, преку инспекторите за труд.

**VIII. Прекршочни одредби и порамнување**

Член 19

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот на трудот утврди дека работодавачот, односно одговорното лице кај работодавачот сторил прекршок од членот 20 од овој закон, инспекторот на трудот е должен за сторениот прекршок да состави записник и со решение изрекува опомена и определува рок во кој работодавачот, односно одговорното лице кај работодавачот е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците.

(2) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член, инспекторот на трудот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение изрекува наредба за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

(3) Решението од ставовите (1) и (2) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот согласно со закон.

(4) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот на трудот ја запира постапката со констатација во записникот, согласно со закон.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот на трудот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот, согласно со закон.

(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, инспекторот на трудот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во ставот (3) на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.

(7) Против решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со закон.

(8) Жалбата од ставот (7) на овој член не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член.

(9) За изречените опомени Државниот инспекторат за труд води евиденција, на начин пропишан од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**Прекршочни одредби**

Член 20

(1) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба во износ од 500 до 600 евра на среден работодавач - правно лице и глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:

- склучи договор за практикантска работа со практикант кој не ги исполнува условите утврдени со одредбите од овој закон (член 3 од овој закон),
- обезбеди практикант за своите потреби без јавен оглас објавен на својата веб- страница и/или на веб-страницата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или друг јавен медиум и огласот не содржи информации за условите за практикантската работа согласно со одредбите од овој закон (член 4 од овој закон),
- склучи договор за практикантска работа за времетраење подолго од шест месеци или дозволи практикантска работа повеќе пати со исто лице (член 6 од овој закон),
- ангажира поголем број на практиканти од бројот утврден со одредбите од овој закон (член 7 ставови (1) и (2) од овој закон),
- не му обезбеди на практикантот право на месечен надоместок и не исплати месечен надоместок на практикантот во нето-износ за полно работно време за извршена практикантска работа или не исплати пропорционален износ за практикантска работа за пократко од полното работно време (член 8 ставови (1), (2) и (3) од овој закон),
- не му исплати на практикантот пропорционален дел, како надоместок за вршење на практикантска работа, во случај на отсуство од работа по кој било основ, освен одмор за време на работа и празници утврдени со закон или не го исплати надоместокот до 15 во тековниот месец за претходниот месец (член 8 ставови (4) и (5) од овој закон),
- пред склучување на договорот за практикантска работа не му даде на практикантот писмен опис на целите, задачите и процесот на практикантството, не го запознае со условите за работа и опасностите поврзани со работата за време на практикантството или не го запознае со општите акти на работодавачот (член 9 став (1) алинеи 1, 2 и 3 од овој закон),
- не му обезбеди на практикантот дневен и неделен одмор согласно со општите прописи за работните односи, не му обезбеди и исплати надоместок за практикантската работа од членот 8 од овој закон или не му исплати надоместок на трошоци за службени патувања и други надоместоци кои настанале за потребите на вршење на практикантската работа (член 9 став (1) алинеи 4, 5, 6 и 7 од овој закон),
- не објави јавен оглас за потребата од практикант на својата веб-страница или на веб-страницата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или друг јавен медиум, не ги утврди целите за ангажирање, задачите и процесот на практикантската

работа (член 11 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон),
- не потпише договор за практикантска работа со избраниот кандидат, не изврши пријава на практикантот и одјава во утврдените рокови со овој закон, не обезбеди одговорно лице
- ментор за континуиран надзор на практикантот или дозволи самостојно работење на практикантот, спротивно на одредбите од овој закон (член 11 став (1) алинеи 3, 4, 5 и 6 од овој закон),
- не му обезбеди на практикантот оптимални услови за работа и материјали и средства за работа, не му даде потврда за стекнатите знаења, вештини и компетенции во утврдениот рок како и опис на практикантската работа како и нејзиното времетраење, не му исплаќа редовно надоместок согласно со договорот, не исплати данок на личен доход на исплатениот износ на надоместокот согласно со закон, не обезбеди средства за заштита при работа доколку работното место на кое се врши практикантската работа е пропишано да се користат, не обезбеди тајност на личните податоци и заштита на приватноста, не плати придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурува ње во случај на повреда на работа и професионално заболување (член 11 став (1) алинеи 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 од овој закон),

- му наплати на практикантот трошоци за обука, трошоци за превоз, за работни материјали и други трошоци поврзани со вршење на практикантската работа (член 11 став (2) од овој закон),

- овозможи практикантска работа без договор за практикантска работа во писмена форма, склучи договор за практикантство со лице помладо од 18 години, без притоа договорот да е потпишан од практикантот и родител или старател, овозможи со договор за практикантска работа да се замени постојно работно место (член 12 ставови (1), (2), (3) и (5) од овој закон),

- потпише договор за практикантска работа со содржина спротивна на одредбите од овој закон (член 13 од овој закон),

- не ја прими писмената изјава за раскинување на договорот за практикантска работа, не го раскине договорот за практикантска работа во дадениот рок, го раскине договорот за практикантска работа спротивно на одредбите од овој закон (член 14 ставови (2) и (3) од овој закон) и неправилно води или не води евиденција на работните часови на практикантот (член 15 од овој закон).

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

**Глоба за овластено службено лице**

Член 21

Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска про тиввредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице, ако не води евиденција на работните часови на практикантот, согласно со овој закон (член 15 од овој закон).

**Порамнување**

Член 22

(1) За прекршоците од членот 20 од овој закон, инспекторот на трудот, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, е должен на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач да му понуди постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 23 е избришан.

**Водење прекршочна постапка**

Член 24

(1) За прекршоците од членот 20 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија, која е формирана од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(2) За прекршокот од членот 21 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(3) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од ставот (1) на овој член, како и постапката по правен лек против одлуката на надлежниот суд од ставот (2) на овој член се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**IX. Преодни и завршни одредби**

Член 25

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 26

Подзаконските акти од членот 19 став (2) и членот 22 став (2) од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.